1.Го објавувам Решението за давање на согласност на Одлуката за измена и дополнување на Ценовникот на ЈКП „Водовод“ - Битола за изведување на градежни и монтажни работи по Програмата на Општина Битола бр.02-349/1 од 05.06.2014 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.10.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-983/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.10.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлука за измена и дополнување на Ценовникот на ЈКП „Водовод“ - Битола за изведување на градежни и монтажни работи по Програмата на Општина Битола бр.02-349/1 од 05.06.2014 година**

1.СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измена и дополнување на Ценовникот на ЈКП „Водовод“ – Битола за изведување на градежни и монтажни работи по Програмата на Општина Битола бр.02-349/1 од 05.06.2014 година, донесена од Управниот одбор на Установата бр.02-897/4 од 15.10.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-123/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Ценовникот за изведување на градежни работи на КЈП „Нискоградба“Битола за потребите на Општина Битола - канализациони PVC глатки цевки и елементи, бр.08-815/1 од 26.10.2020 година**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Ценовникот за изведување на градежни работи на КЈП „Нискоградба“

Битола за потребите на Општина Битола – канализациони PVC глатки цевки и елементи, бр.08-815/1 од 26.10.2020 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.10.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-983/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2020 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.10.2020 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Ценовникот за изведување на градежни работи на КЈП „Нискоградба“Битола за потребите на Општина Битола - канализациони PVC глатки цевки и елементи, бр.08-815/1 од 26.10.2020 година

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Ценовникот за изведување на градежни работи на КЈП „Нискоградба“Битола за потребите на Општина Битола – канализациони PVC глатки цевки и елементи, бр.08-815/1 од 26.10.2020 година, донесен со Одлука од Управниот одбор на Установата бр.02-811/3 од 26.10.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-123/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2020 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за преземените мерки на Општина Битола за справување со КОВИД 19 во изминатиот период

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за преземените мерки на Општина Битола за справување со КОВИД 19 во изминатиот период, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.10.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-983/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2020 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.10.2020 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## за усвојување Извештајот за преземените мерки на Општина Битола за справување со КОВИД 19 во изминатиот период

1. Се усвојува Извештајот за преземените мерки на Општина Битола за справување со КОВИД 19 во изминатиот период.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-123/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2020 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола

(„Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување член во Управен Одбор на ЈП „Комуналец“ Битола**

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Управен Одбор на ЈП „Комуналец“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.10.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-983/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 26 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96....64/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.10.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување член во Управен Одбор на ЈП „Комуналец“ Битола**

1. СЕ РАЗРЕШУВА Круме Волнаров, од член во Управниот Одбор на ЈП „Комуналец“ Битола,

2. СЕ ИМЕНУВА Петар Мицевски – биотехнички факултет, од Битола ул. „Јорго Османо“ бр. 32.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-123/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Дополнување на Годишниот план за вработување во ЈКП „Водовод“ Битолаза 2021 година**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Дополнување на Годишниот план за вработување во ЈКП „Водовод“ Битола за 2021 година, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на 30.10.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-983/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 20–б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14...143/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.10.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Дополнување на Годишниот план за вработување во ЈКП „Водовод“ Битола за 2021 година**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Дополнување на Годишниот план за вработување во ЈКП „Водовод“ Битола за 2021 година бр.04-916 од 27.10.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-123/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за давање во времен закуп со надоместок на недвижен имот сопственост на Општина Битола во објект - магацин во с. Лопатица, на „Миссириан“ ДООЕЛ Струмица

1. Ја објавувам Одлуката за давање во времен закуп со надоместок на недвижен имот сопственост на Општина Битола во објект – магацин во с. Лопатица, на „Миссириан“ ДООЕЛ Струмица, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 30.10.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-983/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.05/02), член 22 став 1 точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на Оштина Битола на седницата одржана на 30.10.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
### за давање во времен закуп со надоместок на недвижен имот сопственост на Општина Битола во објект - магацин во с.Лопатица, на „Миссириан“ ДООЕЛ Струмица

**Член 1**

Со оваа Одлука на „Миссириан“ ДООЕЛ Струмица, му се дава во времен закуп од 01 Декември 2020 година до 31 Декември 2020 година недвижниот имот објект – магацин, сопственост на Општина Битола во с.Лопатица кој се наоѓа на КП 1159 запишан во ИЛ бр.183 КО Лопатица од 155 м$^2$, за откуп на тутун од регионот на нашата општина.

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој подетално ќе се регулира начинот на користење на објектот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-123/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Клиничка Болница „Д-р Трифун Пановски“ Битола за набавка на надѕидни дозни за кислород, флуометри и друга опрема за зголемување на капацитетите во лекувањето и третманот на пациентите заболени со КОВИД 19

1. Ја објавувам Одлуката за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Клиничка Болница „Д-р Трифун Пановски“ Битола за набавка на надѕидни дозни за кислород, флуометри и друга опрема за зголемување на капацитетите во лекувањето и третманот на пациентите заболени со КОВИД 19, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 30.10.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-983/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), член 22 точка 36 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/2005, 17/08 и 08/19), а во врска со член 7 став 1, член 8 став 1 и член 10 став 1 алинеја 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.10.2020 година донесе

## О Д Л У К А
## за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Клиничка Болница „Д-р Трифун Пановски“ Битола за набавка на надѕидни дозни за кислород, флуометри и друга опрема за зголемување на капацитетите во лекувањето и третманот на пациентите заболени со КОВИД 19

**Член 1**

Со ова одлука се дава донација на финансиски средства во износ од 10.000,00 евра – во денарска против вредност во висина на еврото по курсот на Народна Банка на Северна Република Македонија на денот на исплатата, на ЈЗУ Клинича Болница „Д-р Трифун Пановски“ Битола потребни за набавка на надѕидни дозни за кислород, флуометри и друга опрема за зголемување на капацитетите во лекувањето и третманот на пациентите заболени со КОВИД 19.

**Член 2**

Средствата од членот 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Битола за 2020 година, програма Г1 – Локален економски развој, ставка 464990 – Разни трансфери и да се уплатат на сметката за донации на ЈЗУ Клинича Болница „Д-р Трифун Пановски“ Битола:
Назив на примач: Трезорска сметка
Банка на примач: НБРСМ
ЕДБ: 4002005167709
Сметка број: 100 0000000660 05
Сметка на буџетски корисник за донации: 660 020050248502
Приходно конто: 741111
Програма: 00

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со ЈЗУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола за донацијата која што е предмет на оваа одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-123/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на комуналните такси во Општина Битола согласно Пандемијата со КОВИД 19

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на комуналните такси во Општина Битола согласно Пандемијата со КОВИД 19, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 30.10.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-983/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 2 став 2 од Закон за комуналните такси („Службен весник на РМ“ бр. 61/2004 .... 23/16 ) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19 ), Советот на Општина Битола на седница одржана на ден 30.10.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на комуналните такси во Општина Битола согласно Пандемијата со КОВИД 19

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Битола ќе наплаќа комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност од м2 дневно 5 денари, почнувајќи од 15 ноември 2020 година заклучно до 15 април 2021 година.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-123/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 10 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), член 27 од Статутот на Општинскиот фонд за наградата „4 Ноември“ („Службен гласник на Општината Битола“ бр.7/99 и 5/2002) и член 2 од Правилникот за организација и работа на Управниот одбор на Фондот за наградата „4 Ноември“ („Службен гласник на Општината Битола“ бр.7/99, 10/2001 и 5/2002), Управниот одбор на Фондот за наградата „4-ти Ноември“ во состав од: претседателот на Управниот одбор Валентин Груевски и членовите Габриела Илиевска, Горан Михајловски, Методија Илиевски, Емилија Костурски, Елеонора Илиевска, Борче Димитровски, Тони Коњановски и Жаклина Наумовска на седницата одржана на 29.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на Општинската награда**
**„4 Ноември“ за 2020 година**

**Член 1**

Општинската награда “4 Ноември“ за 2020 година се доделува на:

1. **МИТРЕВСКИ ДИМИТАР И ТОДОРОВСКИ БЛАГОЈЧЕ – МЕЃУНАРОДЕН СУДИСКИ ПАР**
   **ПРЕДЛАГАЧ: Здружение на ракометни судии, судиски збор Битола**

Се предлагаат заради значајни достигнувања во областа на спортот и промовирање на Општина Битола и Република Северна Македонија во светот во натпреварувачката сезона 2019/2020, односно во периодот од 01.08.2019 до 31.07.2020 година.

Овај судиски пар претставува прв меѓународен пар во историјата на ракометна Битола.

2. **ЛИДИЈА ТВИРСТ МИТРЕВСКА – ДИРЕКТОР НА ЈОУДГ (ЕСТРЕЈА ОВАДИЈА МАРА БИТОЛА)**
   **ПРЕДЛАГАЧ: Кети Радевска вработена во Детска градинка „Пролет” Битола**

Се предлага заради нејзините достигнувања од областа на социјалната заштита, нејзината секојдневна љубов, труд и посветеност кон градинките, за да се достигнат посакуваните цели и да се обезбеди сигурна перспектива за здрав и правилен развој на нашите најмили.

Се залагаше максимално, беше секојдневно на своето работно место за да излезе во пресрет на сите родители како во нормални услови така и во оваа година која не зафати со пандемијата COVID -19.

3. **МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО БИТОЛА – НАУЧНА ОРГАНИЗАЦИЈА**
   **ПРЕДЛАГАЧ: Меѓународен Славјански Универзитет Гаврило Романович Државин – Св. Николе - Битола и БАС Институт за менаџмент Битола**

Македонско научно друштво е најстара, активна научна организација во државата, формирана на иницијатива на дванаесет видни битолски интелектуалци од 25 април 1960 година. Со својата активност даде свој придонес во политиката за развојот на образованието, науката, културата и уметноста на нашиот град.

Денес на вистински начин ја продолжува традиција и го потврдува и зацврстува интелекуалниот код на знаменита Битола.

Во друштвото членуваат над 250 доктори и магистри на науки а меѓу нив и 14 редовни членови на МАНУ.

Оваа година МНД- Битола слави јубилеј 60 години постоење.

4. **ДОЦЕНТ Д-Р ВЛАДИМИР РЕНДЕВСКИ – СПЕЦ. НЕВРОХИРУРГ**
**ПРЕДЛАГАЧ: Здружение „ЈАСМИН" Битола**

Се предлага од областа на здравсвената заштита вработен во ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија Скопје и доцент по прдметите хирургија и неврохирургија на медицинскиот факултет Скопје.

Добитник е на престижната европска награда – најдобар научно истражувачки труд во категоријата на млади неврохирурзи на самитот во Крагуевац, Србија, како и второ место за научно истражување од областа на неврохирургијата на конгресот по неврологија и психијатрија одржан во Пула, Хрватска.

5. **ПАНДЕ ДИМИТРОВСКИ – Автор**
**ПРЕДЛАГАЧИ: Група граѓани (Силвана Петрова Насух, лекар специјалист културен работник, Петар Ставрев Новинар/фоторепортер, Анета Блажевска новинар и Христина Матовска адвокат)**

Се предлага заради неговото достигнување во областа на културата, како автор на проектот НЕЗАБОРАВ кој еднаш годишно се одржува во Битола. Проектот ги обработува и негува трајните вредности на групи, поединци и манифестации од областа на музичкиот живот и создава неизбришлива трага за нивните достигнувања.

Проктот НЕЗАБОРАВ годинава одбележуа 10 години од постоењето.

**Член 2**

Наградата за поединци и групи творци се доделува во вид на диплома и паричен износ од 15.000 ден.

**Член 3**

Наградата се доделува по повод „4 Ноември" - Денот на ослободувањето на Битола.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

**Бр. 0916-128/3**
**29.10.2020год.**
**Б и т о л а**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Управниот одбор на Фондот за Општинската награда „4 Ноември",**
**Валентин Груевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
IV

Врз основа на член 10 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08 и 08/19), член 27 од Статутот на Општинскиот фонд за наградата „4 Ноември" („Службен гласник на Општината Битола" бр.7/99 и 5/2002) и член 2 став 2 од Правилникот за организација и работа на Управниот одбор на Фондот за наградата „4 Ноември" („Службен гласник на Општината Битола" бр.7/99, 10/2001 и 5/2002), Управниот одбор на Фондот за наградата „4-ти Ноември" во состав од: претседателот на Управниот одбор Валентин Груевски и членовите Габриела Илиевска, Горан Михајловски, Методија Илиевски, Емилија Костурски, Елеонора Илиевска, Борче Димитровски, Тони Коњановски и Жаклина Наумовска на седницата одржана на 29.10.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на Општинската награда „4 Ноември", за животно дело за 2020 година**

**Член 1**

Општинската награда „4 Ноември", за животно дело му се доделува на

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ – КАЛИЦА – композитор, текстописец и адвокат во пензија**
**ПРЕДЛАГАЧ: Адвокатска заедница – Битола**

Музички хроничар на Биотла, вљубеник во Битола, личност која со својата професинална ориентација го прославил својот роден град на сите континенти.

Заради неговите достигнувања од областа на музиката како автор на легендарната песна „АКО ОДАМ ВО БИТОЛА", како и автор на десетици музички дела кои ги надминале локалните, регионалните и националните рамки, а преку кои ја афирмира Битола, вредностите и животот во градот, вљубеник на Битола и доследен на желбата својот животен и професинален век да ги посвети на средината во која е роден.

Човек кој целиот свој животен и професинален век неприкинато живее и твори во Битола.

Петар Георгиев – Калица е роден во Битола 1951 година. Основно и средно музичко образование завршува во Битола, отсек Виолончело. Во 1978 година дипломирал на Правниот факултет во Битола. Од 1981 година до 2000 година работел како референт за правни работи и работни односи во ХМС „Стрежево" Битола, а адвокат работеше од 2000 до 2016 година, кога замина во пензија.

За време на своето музичко образование членувал во повеќе музички групи во неговата родна Битола.

Прв голем успех доживеа на македонскиот музички фестивал Валандово со песната „Ако одам во Битола", за која ги напиша музиката и текстот и ја освојува третата награда на жирито. Оваа песна е неформална химна на градот

и заедно со песната „Битола мој роден крај"од Ајри Демировски е најзначајната и најпопуларната песна за Битола.

Од 2014 година оваа песна е неформална химна и на Адвокатската заедница Битола.

Во 1989 година, постигнува нов голем успех на најпознатиот македонски поп-фестивал Мак Фест каде учествуваше како композитор и текстописец на македонскиот хит „Летај ми, летај, гулабе" во изведба на хрватскиот пејач Крунослав Слабинац, со која го освои второто место.

Во 1991 година, ја напиша песната „Стариот џумбушлија" која ја изведе познатата српска фолк-пејачка Ана Бекута на фестивалот Валандово, со која се пласира на 4-тото место.

Тој е Личност чии композиции се изведувани од страна на познати интепретатори и музички групи како што се: Виолета Томовска, Карлона Гочева, Маргарита Христова, групите Боеми, Нели ти реков, но и познати балкански ѕвезди – Ана Бекута, Симона Вајс и др.

Карактеристичен белег на неговото музичко творештво се неговите текстови на традиционални староградски песни, каде основната инспирација му е Битола, неговиот роден град.

Петар Георгиев – Калица важи за исклучителна личност, колега, професионалец, совесна и стручна личност, личност кој со своите дела, музички песни и хитови ќе остави трага во времето.

**Член 2**

Наградата за животно дело му се доделува во вид на плакета и паричен износ од 60.000 денари.

**Член 3**

Наградата се доделува по повод „4 Ноември" - Денот на ослободувањето на Битола.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

**Бр. 0916-128/4**
**29.10.2020 год.**
**Б и т о л а**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Управниот одбор на Фондот за Општинската награда „4 Ноември",**
**Валентин Груевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА IV

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за изведување/поставување на подземни садови за комунален отпад на територијата на Општина Битола кои не се предвидени со урбанистичко-планска документација............................................................ 1

ПРОГРАМА за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2020 година..... 4

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишниот план за вработување на ОЈУ Зоолошка градина Битола за 2021 година ................ 12

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Дополнување на Годишниот план за вработување на ЈП „Пазари“ Битола за 2020 година ..................... 13

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлука за измена и дополнување на Ценовникот на ЈКП „Водовод“ - Битола за изведување на градежни и монтажни работи по Програмата на Општина Битола бр.02-349/1 од 05.06.2014 година ................ 13

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Ценовникот за изведување на градежни работи на КЈП „Нискоградба“Битола за потребите на Општина Битола – канализациони PVC глатки цевки и елементи, бр.08-815/1 од 26.10.2020 година........................................................................ 14

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за преземените мерки на Општина Битола за справување со КОВИД 19 во изминатиот период ... 14

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Управен Одбор на ЈП „Комуналец“ Битола......... 15

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Дополнување на Годишниот план за вработување во ЈКП „Водовод“ Битола за 2021 година ................ 15

О Д Л У К А за давање во времен закуп со надоместок на недвижен имот сопственост на Општина Битола во објект – магацин во с.Лопатица, на „Миссириан“ ДООЕЛ Струмица..... 16

О Д Л У К А за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Клиничка Болница „Д-р Трифун Пановски“ Битола за набавка на надѕидни дозни за кислород, флуометри и друга опрема за зголемување на капацитетите во лекувањето и третманот на пациентите заболени со КОВИД 19... 17

О Д Л У К А за утврдување на комуналните такси во Општина Битола согласно Пандемијата со КОВИД 19.................................................................. 18

О Д Л У К А за доделување на Општинската награда „4 Ноември“ за 2020 година ........................ 19

О Д Л У К А за доделување на општинската награда „4 Ноември“, за животно дело за 2020 година......................................................................... 21

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471

Приходна Шифра 725211